**Известување за концентрација со која Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне единствена контрола над Друштво за производство на лектрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-175 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Славко Јаневски бр.3/3-3, кат 5/88 Скопје – Центар стекнува единствена контрола над Друштво за производство на лектрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски, бр.2-2, кат МА2/88, Скопје-Центар, по пат на купопродажба на удел.

**-Друштво за трговија и услуги ГРС СОЛАР ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност со посебна намена основано од Гуриш Иншаат Ве Мухендислик Аноним Ширкети („**Гуриш**“), дел од групата на компании на Гуриш („Гуриш групација“), со цел за инвестиции во соларни проекти во Северна Македонија.

Гуриш е активен во Турција и во Средна, Источна, Блиска и Централна Азија, Комонвелт на независни држави и во Северна Африка, и има изградено проекти по принцип „клуч на рака“ речиси во секоја област во градежната индустрија. Проектите на Гуриш вклучуваат комуникациски проекти и тоа автопати, мостови, вијадукти, железници, тунели, метро, поморски пристаништа и аеродроми; брани, системи за наводнување и прочистување на водата, пречистителни станици за вода и отпадни води, дистрибуција на вода и системи за отпадни води; суперструктурни проекти што опфаќаат индустриски комплекси, објекти производство на бензин и природен гас, рафинерии, хотели, болници, училишта, деловни згради, престижни згради, деловни центри, резиденции, луксузни вили, масовни објекти за домување; електрани кои опфаќаат термоелектрани, хидроелектрични централи, геотермални централи и ветерни електрани.

**-Друштво за производство на лектрична енергија, трговија и услуги МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност со посебна намена основано со цел изградба на фотоволтаичен/соларен проект во општина Демир Капија со номинална моќност од 24.84 MWp (до околу 65 MWp).

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.12.2023 година

Скопје